# „Кој ќе биде старател за ќерки и ќе се грижи за нив и ќе им прави добро – тие ќе му бидат заштита од Огнот.“

Мајката на верниците, сопругата на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, Аиша, Аллах нека е задоволен со неа, раскажува: „Кај мене дојде една жена со две ќерки, барајќи нешто. Не најдов ништо освен една урма, па ѝ ја дадов. Таа ја преполови и им ја подели на ќерките, а потоа стана и си замина. Потоа влезе Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и јас му го раскажав настанот. Тој рече: „Кој ќе биде старател за ќерки и ќе се грижи за нив и ќе им прави добро – тие ќе му бидат заштита од Огнот.“

[صحيح] [متفق عليه]

Мајката на верниците Аиша, Аллах нека е задоволен со неа, раскажува дека една сиромашна жена дошла кај неа со двете ќерки, барајќи нешто за јадење. Аиша немала ништо освен една урма, па ѝ ја дала. Жената ја преполовила урмата меѓу ќерките и самата не изела ништо, а потоа станала и си заминала. Подоцна влегол Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, и Аиша му го раскажала настанот. Тој рекол дека оној кој е старател за ќерки – ги воспитува, ги храни, напојува, облекува и трпеливо се носи со таа обврска – тие ќерки ќе му бидат превез и заштита од Огнот.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee